Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/5
09.04 2025 год.
СКОПЈЕ

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

**БР. 5 -2024/2025**

**Скопје, 09.04.2025**

# С О Д Р Ж И Н А

Правилник за работата на овластено лице за прием на пријави на корупција на Американскиот универзитет на Европа – ФОН..........................................................................102

Согласно член 107 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, на седницата одржана на 09.04.2025, го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К

## за работата на овластено лице за прием на пријави на корупција на Американскиот универзитет на Европа - ФОН

**Член 1**

Со овој Правилник се дефинира корупцијата, се утврдува изборот и разрешувањето на овластеното лице за прием на пријави на корупција и се уредува неговата работа.

**Член 2**

Под корупција се подразбира намерно делување на лице кое директно, или преку посредник, бара, ветува, прима или дава корист, од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да дејствува спротивно на своите работни обврски или да се воздржува од дејствување во согласност со своите работни обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на работните обврски и други работи утврдени со закон.

**Член 3**

Овластеното лице се избира од страна на Универзитетскиот сенат, од редот на редовните професори, заради поефикасно спречување и заштита од корупција.

Овластеното лице се избира за временски период од 3 години, со право на уште еден избор.

**Член 4**

Овластеното лице ја врши својата работа согласно Законот за високото образование, другите позитивни законски и подзаконски акти и овој Правилник.

Работата на овластеното лице опфаќа:

- прием на пријави,
- постапување,
- преземање соодветни мерки,
- водење на евиденција,
- известување и
- поднесување извештаи.

**Член 5**

Пријава на корупција може да поднесе секое физичко или правно лице.

Пријавата на корупција може да се поднесе и групно, од две или повеќе правни и физички лица.

Пријавата на корупција може да се поднесе најдоцна во рок од една година од сторувањето или несторувањето на лицето кое се пријавува.

**Член 6**

Пријава на корупција може да се поднесе против лице вработено на АУЕ - ФОН, од наставниот, административниот и друг кадар; вработени на други правни лица основани од АУЕ - ФОН; студентите од било кој циклус на студии; против секое друго лице кое учествува во реализацијата на високо-образовната, научно-истражувачката и применувачката дејност.

Ако пријавата е поднесена против лице кое не е опфатено со одредбата од претходниот став на овој член, пријавата се евидентира во евиденцијата, без одлагање се доставува до надлежен орган и се известува подносителот на пријавата.

**Член 7**

Пријавата на корупција се поднесува писмено, преку архивата на АУЕ - ФОН или по електронски пат, на електронската адреса на овластеното лице.

Пријавата на корупција може да се пријави и усно на записник, кај овластеното лице.

Кога пријавата е поднесена групно, од две или повеќе лица, подносителите на пријавата определуваат еден заеднички претставник.

Доколку подносителите не определат заеднички претставник, тоа ќе го стори овластеното лице.

Во случај на групна пријава, овластеното лице ќе комуницира со заедничкиот претставник.

За пријавата не се плаќа административна такса.

**Член 8**

Подносителот на пријавата не смее да биде повикан на одговорност, ниту да трпи какви било штетни последици поради поднесувањето на пријавата и изнесувањето на ставови и мислења.

Заштитата на подносителот на пријавата не се однесува на негова заштита, ако тој со своето однесување стори кривично дело.

**Член 9**

Пријавата содржи назив на институцијата, односно АУЕ - ФОН, со назнака дека е за лицето за прием на пријави на корупција, личното име на лицето против кое се поднесува пријавата, опис на дејствието што го извршило лицето, временскиот период на сторувањето или несторувањето, докази (писмени или вербални), лично име и потпис на подносителот и негови контакти (електронска адреса и телефон).

Ако подносителот на пријавата не го знае личното име на лицето против кое ја поднесува пријавата, должен е конкретно да ја наведе неговата улога и работна позиција од кои, недвосмислено, може да се утврди неговиот идентитет.

Овластеното лице ќе ја прими пријавата на корупција и од анонимен подносител и со истата ќе постапува со особено внимание.

**Член 10**

Кога наводите во пријавата се нецелосни или нејасни, овластеното лице може да побара од подносителот на пријавата дополнување, допрецизирање или појаснување на пријавата.

Подносителот на пријавата е должен да постапи по барањето на овластеното лице во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од овластеното лице.

Доколку во рокот од став 2 на овој член подносителот на пријавата не ги достави потребните дополнувања, ќе се смета дека пријавата е повлечена.

**Член 11**

Пријавата се заведува во посебен регистар што го води овластеното лице.

Анонимниот подносител на пријавата се заведува во регистарот со посебна шифра.

**Член 12**

Овластеното лице може да се побара од непосредниот раководител на лицето против кого е поднесена пријава, со цел да се прибават податоци потребни за постапување по пријавата.

Непосредниот раководител е должен, во рокот што ќе го определи овластеното лице, да достави информации во врска со наводите во поднесената пријава.

Името на подносителот на пријавата не се соопштува на непосредниот раководител, освен доколку тоа го бара самиот подносител, согласно со Законот за заштита на укажувачите.

Доколку непосредниот раководител не ја достави бараната информација во определениот рок, не го спречува овластеното лице да постапува.

**Член 13**

Заради собирање на информации и докази во врска со пријавата, овластеното лице, задолжително ќе го сослуша лицето против кое е поднесена пријавата, а може да бара потребни информации и списи од органите и телата на АУЕ - ФОН и од други надлежни државни органи, да изврши увид во списи и да сослуша сведоци кои може да дадат информации за пријавениот случај.

Лицето против кое е поднесена пријавата може писмено да се изјасни за наводите од пријавата и да предложи докази и факти во свој прилог.

На сослушувањето, по барање на пријавеното лице, може да присуствува и адвокат, во својство на бранител или друго лице од доверба на пријавеното лице.

Пријавеното лице може да изврши увид во списите и доказите против него.

**Член 14**

Доколку овластеното лице утврди дека се сторени дејствијата од член 2 од овој Правилник, за тоа ги известува: лицето против кого е поднесена пријавата, подносителот на пријавата, директорот и деканот на соодветниот факултет, доколку сторителот е од наставниот кадар, односно генералниот секретар, доколку сторителот е од ненаставен кадар.

Доколку овластеното лице не утврди дека се сторени дејствијата од член 2 од овој Правилник, ги известува истите лица.

Известувањето ги содржи личното име на лицето против кого е поднесена пријавата, опис на стореното дејствие, образложение за решавачките факти и анализа на доказите дека пријавеното лице го сторило дејствието, предлог за преземање мерки и активности против пријавениот, како и мерки и активности кои треба да се преземат за спречување на соодветното коруптивно дејствие во иднина и правна поука.

**Член 15**

Подносителот на пријавата и пријавениот имаат право на приговор, до Ректорската управа, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

**Член 16**

Ректорската управа одлучува по приговорот на првата наредна седница.

**Член 17**

Ректорската управа, со одлука, може да го отфрли приговорот ако е ненавремен или е поднесен од неовластено лице, да го одбие како неоснован или да го усвои и да го врати повторно на разгледување и одлучување на овластеното лице.

Одлуката на Ректорската управа е конечна.

Доколку лицата кои можат да поднесат приговор не приговараат во определениот рок, известувањето на овластеното лице е конечно.

**Член 18**

Овластеното лице е должно, во рок од три дена откако одлуката станала конечна, да побара од надлежното лице, своите укажувања да бидат објавени на веб-страницата на АУЕ - ФОН.

**Член 19**

Доколку лицето при водењето на постапката, овластеното лице утврди дека постојат индиции за сторено кривично или друго казниво дело, должен е за тоа да ги извести соодветните државни органи и Универзитетскиот сенат и директорот.

**Член 20**

Овластеното лице е должно да го информира подносителот на пријавата за преземените мерки и активности во врска со пријавата најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

**Член 21**

Овластеното лице е должно да ја заврши постапката во рок од 60 дена од денот на приемот.

При повторното одлучување, овластеното лице е должно да ја заврши постапката во рок од 60 дена од денот на приемот на одлуката од Ректорската управа.

**Член 22**

Врз основа на доставените пријави, овластеното лице изготвува, најмалку еднаш годишно, анализа со која се утврдуваат ризичните области кои се или можат да бидат потенцијални извори на корупција.

Врз основа на анализата од ставот 1 на овој член, Универзитетскиот сенат донесува Стратегија за ризици за корупција со активности и мерки (акционен план) за спречување, отстранување или намалување на ризиците за корупција.

**Член 23**

Универзитетскиот сенат ќе го констатира престанокот на мандатот на овластеното лице ако:

- сам тоа го бара;
- му престане статусот редовен професор;
- му престане работниот однос на АУЕ - ФОН;
- поради смрт;
- поради трајна спреченост да ја извршува функцијата;
- ако истече временскиот период за кој е избран;
- ако биде разрешен;
- во други случаи утврдени со закон.

**Член 24**

Овластеното лице може да биде разрешено:

- ако не ги заштити личните податоци на подносителот на пријавата согласно со прописите за заштита на личните податоци, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на подносителот на пријавата кој барал да биде анонимен;
- ако постапува спротивно на одредбите од овој Правилник;
- во други случаи утврдени со закон.

**Член 25**

Предлог за разрешување на овластеното лице може да поднесе член на Универзитетскиот сенат и директорот.

**Член 26**

Доколку овластеното лице биде разрешено пред истекот на временскиот период за кој било избрано, ќе се повика на дисциплинска одговорност, согласно Законот за работните односи, Статутот и другите општи акти на АУЕ - ФОН.

**Член 27**

Овластеното лице за сите постапки води евиденција во регистар.

**Член 28**

Овластеното лице најмалку два пати годишно доставува извештај за својата работа до Универзитетскиот сенат.

Извештајот содржи податоци за бројот на поднесените пријави и спроведените постапки, резултатите од истите, како и предлог на мерки и политики насочени кон спречување, отстранување и намалување на ризиците од корупција.

**Член 29**

Со посебен акт, менаџментот на АУЕ - ФОН ќе определи надомест аа работата на овластеното лице, како и методологија за пресметка на надоместот.

**Член 30**

Овој Правилник стапува во сила три дена по денот на неговото објавување во Универзитетскиот билтен.

.

**Скопје, 09.04.2025**

**Универзитетски сенат,**
**П р е т с е д а т е л**

______________________________

**проф. д-р**
**Радица Дишлиеска Граматикова**